**Известување за концентрација со која Цементарница УСЈЕ АД Скопје, ќе стекне контрола над Трговско друштво ИД Компани ДООЕЛ увоз-извоз Кочани (предмет бр. 08-69/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.08.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со седиште на ул. „Борис Трајковски" бр. 94, 1000 Скопје, има намера да стекне единствена контрола врз Трговско друштво ИД Компани ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, со седиште на ул. „Едвард Кардељ" бр.18, Кочани, по пат на купопродажба на удел.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје** е активна главно во производство и трговија со цемент, хидрауличко врзивно средствоУсјемал, готов бетон, клинкер, агрегати, и други градежни материјали.

Регистриараната трговска дејност на Трговското друштво **ИД Компани ДООЕЛ** увоз-извоз Кочани е производство на млинарски производи.

Со предметната концентрација засегнат е пазарот за алтернативни цементозни материјали (цементни адитиви) којшто е регионален по својот географски обем.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.08.2019 година
Скопје